МЦМС ја претстави новата програма Цивика мобилитас и останатите активности пред волонтерите на Мировниот корпус кои веќе една година живеат и работат во Македонија како и пред нивните локални соработници, кои се претставници на граѓански организации, основни и средни училишта и општини. Настанот се одржа во Скопје на 13 февруари 2015 г.



Околу 60 учесници имаа можност да слушнат за програмите и проектите на МЦМС, а во изложбениот дел да поставаат и прашања за конкретни активности. Најголем интерес имаше за активностите на МЦМС во полето на образованието, како и за можноста за грантови во Цивика мобилитас.

Покрај МЦМС, на настанот учествуваа уште неколку меѓународни и национални организации, како Македонскиот центар за граѓанско образование, Амбасадата на САД, Програмата за развој на Обединетите нации, ТАКСО и др.

Целта на настанот беше да се информираат волонтерите и нивните домаќини и соработници за организацииите, програмите и активностите во кои можат да се вклучат или за грантовите за кои можат да аплицираат.